| Рок за пријавување и запишување | Прв уписен рок | Втор уписен рок* |
|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | 9.9.2025 – 22.9.2025 | 1.12.2025 – 10.12.2025 |
| Објавување прелиминарни листи | 24.9.2025 | 12.12.2025 |
| Одлучување по приговори | 29.9.2025 | 17.12.2025 |
| Објавување конечни листи | 1.10.2025 | 19.12.2025 |
| Запишување на кандидатите | 6.10.2025 – 10.10.2025 | 22.12.2025– 26.12.2025 |

## УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ:

На докторски студии можат да се запишат лица кои завршиле соодветни академски студии и кои ги исполнуваат следниве основни услови:

- завршени втор циклус академски студии со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити од првиот и вториот циклус студии збирно;
- завршени постдипломски студии на студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити за организирана академска обука и предавања и друг вид комуникациски активности;
- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со стекнати најмалку 300 ЕКТС-кредити, или со завршени интегрирани студии со 360 кредити;
- остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 8,00
- познавање на англиски јазик и стекнат сертификат/уверение за познавање на англиски јазик.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ:

- Наставно-научниот совет, со воведување на дополнителни услови, може да овозможи запишување на кандидат со остварен просечен успех од претходно завршеното образование (прв и втор циклус студии посебно, односно на интегрираните студии), од најмалку 7,50 само по исклучок, доколку се исполнети дополнителните услови утврдени од советот на студиската програма, односно работно искуство од најмалку 5 години на високи раководни позиции во приватни деловни ентитети или јавни институции со портфолио за истакнати професионални достигнувања.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:

Пријавувањето се врши во службата за студентски прашања, на единицата организатор на студиската програма. При пријавувањето за запишување на студиската програма на трет циклус студии-докторски студии, кандидатите ги поднесуваат следниве документи во оригинал или фотокопија заверена на нотар:

- пријавен лист со назначување на избраната студиска програма за која конкурира https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/SSDS/O1-PK-Prijaven-list-za-konkuriranje.docx
- првична согласност на ментор од листата на ментори https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/SSDS/O2-PSM-Prvichna-soglasnost-na-mentor.docx
- писмо за мотивација со назначување на областа на истражување;
- кратка биографија;

- уверение за положени испити од прв циклус студии, односно од додипломски студии;
- уверение за положени испити од втор циклус студии, односно од постдипломски студии;
- диплома од прв циклус студии, односно од додипломски студии;
- диплома од втор циклус студии, односно од постдипломски студии;
- сертификат/уверение за познавање на англиски јазик. Познавање на англиски јазик, што се докажува со уверение или сертификат издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, меѓународен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, утврден со конкурсот или диплома за претходно стекнато образование – додипломски студии (прв циклус) и/или постдипломски студии (втор циклус) каде што студиската програма се изведувала на англиски јазик.
- кандидатите кои своето високо образование, додипломски студии (прв циклус) и постдипломски студии (втор циклус), го завршиле во странство, доставуваат нострифицирани документи, со кои се докажува исполнетоста на условите за запишување на трет циклус студии – докторски студии, како и еквиваленција на оценките, доколку системот на оценување е различен од Република Северна Македонија.

Сите детални информации може да ги најдете на конкурсот за упис на трет циклус на студии https://ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2025/06/konkurs-iii-ciklus-akademski-studii-2025-2026-01.pdf